OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

Скопје, 4 јули 2017 година

**Денес во Охрид стартуваше летната школа на Охридска банка Сосиете Женерал „Биди банкар“**

десетте избрани студенти, преку практични и тематски предавања, ќе се здобијат со професионално искуство од областа на банкарското работење

Денес во Охрид официјално стартуваше летната школа на Охридска банка Сосиете Женерал, „Биди банкар“, којашто ќе трае сè до 28 јули 2017 година.
Претставници од Дирекцијата за човечки ресурси на Банката им посакаа добредојде и успешен старт на учесниците и ги воведоа во активностите што ќе следуваат во текот на Летната школа.

По спроведеното тестирање, беа избрани 10-те најдобри студенти на додипломски и постдипломски студии, кои, почнувајќи од денес, па сè до крајот на месец јули ќе бидат дел од Летната школа којашто се одржува во Охрид.
Програмата на Школата вклучува различни активности, како практична работа во дирекцијата и експозитурите на Банката во Охрид, тематски предавања од страна на вработените во Банката од областа на банкарското работење и финансиите, обуки за меки вештини, тематски работилници, како и многу забава, дружење и едукација.

Школата има за цел да ги воведе младите кадри во банкарското работење преку практична работа, да го прошири знаењето на учесниците во повеќе области на банкарството и финансиите, потоа да ги подготви младите за пазарот на трудот преку работилници за меки вештини, како и да овозможи едномесечно дружење, забава, учење и многу интересни активности кои ќе им помогнат во понатамошниот кариерен развој на учесниците.

По завршувањето на летната школа „Биди банкар“ на Охридска банка Сосиете Женерал, сите учесници ќе добијат сертификат за учество во Школата.

Повеќе информации на www.ohridskabanka.mk

OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

*<u>За Охридска банка Сосиете Женерал</u>*

*Охридска банка Сосиете Женерал е универзална банкарска институција која припаѓа на една од најголемите финансиски групации во светот – групацијата Сосиете Женерал. Со повеќе од 146.000 вработени, со присуство во 66 земји, групацијата Сосиете Женерал опслужува 31 милион клиенти низ целиот свет повеќе од 150 години. Охридска банка Сосиете Женерал функционира според високите стандарди на Сосиете Женерал, почитувајќи ги четирите главни вредности на Групацијата: тимски дух, иновација, посветеност и одговорност. Основната стратегија на Охридска банка Сосиете Женерал е постојаното унапредување на квалитетот на извршувањето на банкарските услуги и нејзината целосна посветеност да ги задоволи потребите на своите клиенти. Преку своето седиште во Скопје и широката мрежа од 27 експозитури на територијата на Македонија, Охридска банка Сосиете Женерал има за цел да биде поим за банкарски односи, препознатлива на пазарот, блиска до клиентите, избрана поради својот квалитет и посветеноста на нејзините тимови. Охридска банка Сосиете Женерал во 2016 година е носител на три награди во категоријата „Најдобра банка во Македонија“ од трите најважни банкарски авторитети - “Global Finance”, “Euromoney” и “The Banker”, и носител на наградата „Најдобра банка во Македонија“ во 2017 година од “Global Finance“.*

**Контакт за медиуми на Охридска банка Сосиете Женерал**
Елена Глигоровска
Раководител на Дирекција за корисничко искуство, маркетинг и комуникации
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 (0)2 3 167 709

Ивана Петревска
Референт за маркетинг и комуникации
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 (0)2 3 167 682